*Поздравен говор – директор на МАПАС*

Почитувани,

Чест ми е да ги поздравам учесниците на Втората регионална работилница за пензиска супервизија организирана од ИОПС и на Заедничкиот семинар на ИОПС и ИАИС за меѓусекториски прашања, настани кои за прв пат се организираат во Република Македонија. На наше големо задоволство имаме учесници од 15-тина земји.

Во Република Македонија , во 2000 година, беше воспоставена законска рамка преку која е извршена темелна реформа на пензискиот систем со која беше воведен тростолбен пензиски систем. Имено, дополнително на тековно финансираното пензиско осигурување кое постои над 60 години, беше воведена и капитално финансирана пензиска компонента, на задолжителна и доброволна основа, како и можност за воспоставување професионални пензиски шеми.

МАПАС, како супервизор и регулатор на капитално финансираното пензиско осигурување, е основана во 2002 година и членка на ИОПС од 2007 година. МАПАС континуирано работи на развој и унапредување на капитално финансираното пензиско осигурување, следејќи ги најдобрите светски практики и упатствата на ИОПС. Во Македонија постојат две пензиски друштва кои управуваат со вкупно четири пензиски фондови. МАПАС е институција која секојдневно го следи и контролира нивното работење, започнувајќи од нивното лиценцирање, преку контрола на постапките на маркетинг и зачленување, понатаму инвестирање и проценка на средствата, известување на членовите итн.

Супервизијата која досега ја практикуваме е заснована на контрола на почитување на законските и подзаконските правила и прописи, и секогаш со цел заштита на интересите на членовите. Во рамките на проектот финансиран од Европската Унија за поддршка на МАПАС, во кој активно учествуваме повеќе од една година, се работи на воведување на супервизија заснована на оценка на ризик.

Исто така, МАПАС работи на промоција и на развивање на свеста кај јавноста за целите и принципите на капитално финансираното пензиско осигурување. Едновремено во МАПАС редовно се следат состојбите и трендовите во земјата и во

светот, кои се релевантни за ова осигурување, со цел унапредување на капитално финансираното пензиско осигурување и заштита на интересите на членовите.

Овие два дена ќе се дискутира на многу корисни теми и ќе има размена на супервизорски искуства, со посебен акцент на супервизијата заснована на оценка на ризик, а ќе бидат отворени и актуелни прашања од пензиската област, како дискусија за развојот и предизвиците во пензиските системи, инвестициите, надоместоците, итн.

Се надевам дека оваа работилница, која ќе опфати поголем број теми значајни за сите присутни земји членки на ИОПС, а, како и интеракцијата меѓу ИОПС и ИАИС, ќе биде од корист за сите нас. Ви посакувам успешна работа и пријатен престој во нашата земја.

*Завршен говор – директор на МАПАС*

Почитувани,

Оваа регионална работилница собра претставници од 15-тина земји од поширокиот регион кои разменуваа искуства од пензиската супервизија, и дискутираа по актуелни прашања значајни за унапредување и развој на пензиските системи.

Ценам дека сите научивме нешто ново и корисно што ќе ни помогне во секојдневната работа во пензиската област.

Ви благодарам на сите за учеството. Им благодарам на ИОПС за укажаната доверба за заедничка организација на оваа работилница.